БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ (БПП)
Набавка на услуги за
развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција
БПП/ 002-19

| | |
|---|---|
| Милиеуконтакт Македонија<br>Адреса: Кукушка 4А, 1000 Скопје,<br>Р. Северна Македонија<br>Проект: Заштита на биодиверзитетот на пасиштата на Шар Планина | Датум: 13.08.2019 |

Почитувани,

Милиеуконтакт Македонија, во рамки на проектот Заштита на биодиверзитетот на пасиштата на Шар Планина, има потреба од склучување на Договор за набавка на услуги за развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција.

За таа цел, Ве покануваме да доставите понуда за услугите наведени подолу во ова Барање за прибирање на понуди (БПП). За да одговорите на ова БПП потребно е да ги следите упатствата содржани во овој документ.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот најдоцна до 20 август во 15.00 часот по пошта на горната адреса или лично. Понудите можат да се доставaт на рака или со препорачана пошта во затворено плико.

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.

Договорот ќе му биде доделен на понудувачот што ќе достави економски најповолна понуда. Ако имате дополнителни прашања, ве молиме испратете ги по електронска пошта на info@mkm.mk или aleksandra.s@mkm.mk најдоцна до 19 август.

Со почит,
Милиеуконтакт Македонија

www.mkm.mk
www.pasista.mk

---

Проектот “Зачувување на биодиверзитетот на пасиштата на Шар Планина” е финансиран од Европската Унија и имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот е наменет за усогласување на зачувувањето на биолошката разновидност и економскиот развој. Целта на Проектот е да се врати биодиверзитетот на пасиштата на Шар Планина, да се генерираат нови вработувања и нови можности. Овој проект се спроведува во рамките на проектот “Подобрување на управувањето со заштитени подрачја”, чија цел е да помогне во заштитата на природните ресурси и подобрувањето на квалитетот на животот на локалното население. Проектот го спроведува Милиеуконтакт Македонија во партнерство со Јавното претпријатие за пасишта и Здружение на земјоделски економисти на Република Македонија.

# Содржина

Општи информации .......... 3
Нарачател на работите .......... 3
Извор на средства .......... 3
Право на учество .......... 3
Критериуми за доделување на договорот .......... 3
Оценка на понудите: .......... 4
Спречување на судир на интереси .......... 4
Што треба да содржи понудата: .......... 4
Затворање и поднесување на понудите .......... 4
Техничка документација .......... 5
Услови за извршување на плаќањето .......... 5
Важни датуми: .......... 5
Локација, опис на проектот и проектната задача .......... 6
Техничка спецификација .......... 7
Образец за поднесување на понуда на добавувачот .......... 9
Декларација против конфликт на интерес .......... 12

# Општи информации

## Нарачател на работите

Нарачател е Милиеуконтакт Македонија, со адреса на Кукушка бр. 4А, Скопје, телефон за контакт 02 2460 876, електронска пошта: info@mk.mk,интернет адреса: www.mkm.mk, www.pasista.mk.
Лице за контакт е Александра Каракашова Сачкарска, електронска пошта: aleksandra.s@mkm.mk и телефон за контакт 070 666 230.
Предмет на договорот е набавка на услуги за развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција. Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација.
Предметот на договорот не е делив. Не е дозволено доставување на делумни понуди.
Понудувачот треба да даде понуда за сите делови од предметот на договорот.

## Извор на средства

Средствата за реализирање на оваа набавка се обезбедени од Европската Унија, односно од Програмата за развој на Обединетите нации, во рамките на проектот "Подобрување на управувањето со заштитени подрачја".

## Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.
Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Нарачателоот нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката. Техничката или професионалната способност на понудувачот ќе се разгледува заедно (доколку понудата е поднесена од група на понудувачи).

## Критериуми за доделување на договорот

Пресуден критериум за доделување на договорот е најниска цена. Во предвид ќе бидат земени техничките критериуми и рокот на изведба.
Ќе биде избрана понуда која ги исполнува барањата од техничката спецификација, критериумите за оценување и нуди најниска цена. Секоја понуда што не ги исполнува наведените услови ќе биде одбиена.
- Техничка понуда: 20% - 20 бода
- Цена: 70% - 70 бода
- Рок: 10% - 10 бода

Вкупно: 100% - 100 бода
Доставените понуди ќе се разгледуваат врз основа на комплетноста и усогласеноста на понудата со минималните технички спецификации.

Цената и роковите ќе бидат разгледани од аспект на разумност и реалистичност. Нереално високи или нереално ниски цени и крати/долги рокови можат да послужат како основа за исклучување на понудата.

Договорот ќе биде потпишан со најповолниот понудувач согласно дефинираните критериуми. Договорот ќе биде во времетраење од 1 месец, со можност за негово продолжување, во зависност од текот и динамиката на изведување на работите.

## Оценка на понудите:

Односот на цената со другите фактори е следен: 20% техничка понуда (квалификации и искуство на персоналот и конкретно искуство на понудувачот во изведување на слични проекти), 70% цена, 10% рок на изведба.
Договорот ќе му биде доделен на понудувачот кој ќе понуди економски најповолна понуда, земајќи ги предвид искуството, квалитетот и цената. Предвид ќе бидат земени следниве фактори:

1. Квалификации и искуство на персоналот (во понудата треба да биде доставен доказ за искуство во имплементација на слични услуги)
2. Конкретно искуство на понудувачот во изведување на слични услуги (референтна листа)
3. Вкупна цена на понудата
4. Рок за изведување на работите

## Спречување на судир на интереси

За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.
Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во оваа постапка. Во тој случај договорот се смета за ништовен.
Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за набавка, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси.
Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

## Што треба да содржи понудата:

Понудата треба да содржи:

1. Образец на понуда
2. Документ за регистрирана дејност - ДРД образец
3. Биографии (ЦВ) на стручниот персонал што ќе учествува во реализација на предметот на Договорот,
4. Референтна листа за изведени слични услуги/договори во изминатите две години

## Затворање и поднесување на понудите

Понудувачите треба да ги достават понудите на адресата на Милиеуконтакт Македонија во предвидениот рок. Понудите треба да бидат во затворен плик кој ќе содржи следните информации:
- називот на понудувачот со целосна и точна адреса
- број на барањето за понуди/огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Понудите треба да се поднесат до 20 Август (вторник), 2019 год, до 14:00 часот, на следната адреса:
"Милиеуконтакт Македонија" Скопје
Адреса: Кукушка 4А, Скопје, Р. Северна Македонија

Со назнака: Набавка на услуги за развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција

Понудите што ќе пристигнат по предвидениот краен рок за доставување на понуди нема да бидат земени предвид. Не се дозволени никакви дополнителни измени на понудата освен корекција на очигледни пресметковни грешки. Понудувачите можат да ги повлечат понудите во кое било време пред истекот на рокот за поднесување.

Понудите ќе бидат отворени и разгледани без присуство на понудувачите. Милиеуконтакт Македонија го задржува правото да отфрли една, повеќе или сите понуди доколку смета дека тоа е во интерес на организацијата. Не мора да значи дека ќе биде избрана понудата со најниска цена.

## Техничка документација

Опис на проектната задача и техничка спецификација на потребните работи е дадена во рамки на овој документ.

## Услови за извршување на плаќањето

Писмена согласност од страна на Комисијата за технички прием за одобрување на изведените работи врз основа на целосна усогласеност со описот во барањето за прибирање понуди.
Плаќањето ќе биде извршено 40% по усвојување на предлог дизајнот (лого, пакување на продуктите), 40% после испорака на печатени материјали и 20% после испорака на видео спот за промовирање на одржливи практики за управување со пасиштата.
Исплатата ќе биде извршена по доставена и одобрена фактура од страна на Нарачателот.

## Важни датуми:

Датум на објава на барањето: 13 Август (вторник), 2019 год.
Рок за доставување на понудите: 20 Август (вторник), 2019 год.
Очекуван датум за потпишување на договорот: 23 Август (петок), 2019 год.
Времетрање на договорот: 1 месец, 23 Септември (понеделник), 2019 година

## Локација, опис на проектот и проектната задача

| | |
|---|---|
| Име на проектот: | „Заштита на биодиверзитетот на пасиштата на Шар Планина“ |
| Имплементирачка организација: | Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија |
| Времетраење на проектот: | 04.05.2018 - 04.09.2019. |
| Назив на Договорот | Набавка на услуги за развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција |
| Локација на активностите | Пасишта на Шар Планина,<br>Лера, Дуфска Планина, Врбенско Брдо, |
| Опис на работите: | 1. Развој на агро-еко-туристички продукти<br>- креирање на дизјајн за брендирање на локални производи<br>- развивање на визуелен идентитет на брендот (лого, пакување, палета на бои)<br>2. Техничка поддршка во процесот на брендирање на производи и промоција на брендот<br>- развој на промотивни материјали на производи со новиот бренд<br>- подготовка на техничко упатство за процесот на брендирање<br>3. Видео за промоција на одржливи практики за управување со пасиштата<br>- Развој на сценарио за видео за промоција и продукција на двојазично видео (македонски и албански)<br>4. Развој на Упатство со пакет алатки за одржливо управување со пасиштата<br>- подготовка, предвод на албански, графички дизајн и печатење во 50 примероци |
| Времетраење на Договорот: | 30 дена од потпишување на Договорот, со можност за негово продолжување во зависност од динамика на одвивање на работите |

## Техничка спецификација

Набавката на услуги за развој на локален бренд, техничка поддршка во процесот на брендирање и промоција има за цел да направи препознатлив бренд од овој регион на Шар Планина и промоција на локалните брендови. При реализирање на обврските од Договорот во предвид треба да биде земена Стратегијата за брендирање на локални производи со бизнис план (https://pasista.mk/wp-content/uploads/2019/04/Proekt_Biodiverzitet_Sar-Planina_FINAL-compressed.pdf). При реализација на Договорот во предвид треба да се земат специфичните карактеристики на пасиштата на Шар Планина кои се опфатени со проектот (Лера, Дуфска Планина, Врбенско Брдо).

Техничката спецификација се состои од 3 неделиви делови.

1. Развој на агро-еко-туристички продукти

Од носителот на набавката се очекува да развие бренд кој ги вклучува сите елементи (име на брендот, лого на брендот, слоган на брендот, графичко претставување, изглед, бои, и др). Исто така треба да ги има во предвид и општите карактеристики на успешен бренд (препознавање кај потрошувачите, единственост, посветеност, постојаност, конкурентност, присутност). Важен фактор за пласирање на производот е потеклото на производот. Локални производи кои се детектирани во стратегијата за брендирање се: Шарпланинско овчо бело сирење, Шарпланинска пастрма, Шарпланинска волна, Шарпланински чај/лековити билки, печурки, шумски плодови/бобинки.
Во однос, на логото, на визуелниот идентитет потребно е да се развијаат посебни логоа за трите пасишта: Лера, Дуфска Планина, Врбенско брдо.

- Креирање на дизајн за брендирање на локални производи (овчо сирење, пастрма, волна, лековити билки, печурки, шумски плодови-бобинки)
- Развивање на визуелен идентитет на брендот (3 логоа (за секое од пасиштата, палета на бои)
- Дизајн на пакувања (сирење, пастрма, волна, шумски плодови (бобинки), лековити билки, печурки)

2. Техничка поддршка во процесот на брендирање на производи и промоција на брендот

Во однос на овој дел потребно е да се развијат промотивни материјали, односно производи со новиот бренд (предлог амбалажа за секој од наведените производи и нивна испорака до нарачателот), како и подготовка на техничко упатство за текот на процесот на брендирање, кое ќе им помогне на производителите да регистрираат свој бренд.

Развој, набавка и испорака на промотивни материјали, односно производи со новиот бренд
- Стаклени големи тегли за чување на сирење. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн. 30 тегли со капацитет од 2 кг.
- Вакумирано сирење (пакување од 0,5 кг), за секое пасиште со посебен дизајн. Вкупно 30 пакувања.
- Пакување за пастрма (вакумирано). Вкупно 30 пакувања. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн.
- Пакување за волна. Вкупно 30 пакувања. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн.
- Пакување за лековити билки – Шарпланински чај. Вкупно 30 пакувања. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн.

- Пакување за шумски плодови. Вкупно 30 пакувања. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн.
- Пакување за шумски плодови. Вкупно 30 пакувања. Брендирани, за секое пасиште со посебен дизајн.

Подготовка на техничко упатство за процесот на брендирање (дизајн, текстуален дел) и негово печатење во 50 примероци. Ова упатство треба да биде двојазично и да биде максимум 20 страници.
Упатството треба да содржи корисни податоци за процесот на брендирање (Примена на ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет). Упатството треба да биде во согласност со најновите измени на Законот за квалитет на земјоделските производи).

3. Видео за промоција на одржливи практики за управување со пасиштата

Видеото за промоција на одржливите практики за управување со пасиштата, треба да биде двојазично (Македонски и Албански јазик) и да биде во времетраење од 5 минути. Видеото треба да ги прикаже постигнатите резултати од проектот вклучително и применетите практики за одржливо управување со пасиштата.
1080p (1920x1080 резолуција, да се достави во 2 копии на DVD/USB или друга прифатлива платформа за споделување.

4. Развој на Упатство со пакет алатки за одржливо управување со пасиштата

Најдобрите одржливи практики за одржливо управување со пасишта, кои се презентирани во Планот за управување со пасиштата но Шар Планина ќе бидат прилагодени и објавени во кратко упатство, кое ќе содржи алатки за одржливо управување со пасиштата, кои ќе им послужат на сточарите како од овој регион така и од другите региони во секојдневното менаџирање со пасиштата. Упатството ќе биде двјазично, со максимум 20 страни и ќе биде испечатено во 50 примероци.

# Образец за поднесување на понуда на добавувачот

ОПШТ ДЕЛ

Име на понудувачот: _________________________________

Контакт информации:
Адреса: _________________________________________________
– Телефон: _____________________________________________
- Е-пошта: _____________________________________________
– Лице за контакт: _______________________________________
– Моб. Телефон:_________________________________________

Одговорно лице: ___________________________________________

Даночен број: _____________________________________________

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Листата на цени и рокови на испорака.

Нашата понудата е составена од следниве делови:
- Пополнет образец на Понуда составена од ОПШТ ДЕЛ и ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА.
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност - ДРД образец
- Биографии (ЦВ) на стручниот персонал што ќе учествува и биде одговорен за спроведување на Договорот,
- Референтна листа за изведени слични Договори во изминатите две години

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во барањето за понуда/огласот.

<u>ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА</u>

| 1. Развој на агро-еко-туристички продукти | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Опис | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| 1. | Креирање на дизјајн за брендирање на локални производи (сирење, пастрма, волна, лековити билки, шумски плодови, печурки) | | | |
| 2 | Развивање на визуелен идентитет на брендот (3 логоа, палета на бои) | | | |
| 3 | Дизајн на пакувања (сирење, пастрма, волна, шумски плодови (бобинки), лековити билки, печурки) | | | |
| | Вкупно за дел 1 | | | |
| | Рок на испорака | | | |

| 2. Техничка поддршка во процесот на брендирање на производи и промоција на брендот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Опис | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| 1. | Развој, набавка и испорака на промотивни материјали на производи со новиот бренд,<br>за секое пасиште со посебен дизајн. (како што е наведено во технчката спецификација) | | | |
| 2. | Подготовка на техничко упатство за процесот на брендирање (дизајн, текстуален дел) и негово печатење. (како што е наведено во технчката спецификација) | | | |
| | Вкупно за дел 2 | | | |
| | Рок на испорака | | | |

| 3. Видео за промоција на одржливи практики за управување со пасиштата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Опис | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| 1. | Развој на сценарио за видео за промоција и продукција на двојазично видео (македонски и албански). (како што е наведено во технчката спецификација) | | | |
| | Вкупно за дел 3 | | | |
| | Рок на испорака | | | |

| 4. Развој на Упатство со пакет алатки за одржливо управување со пасиштата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Опис | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| 1. | Техничка подготовка, предвод на албански, графички дизајн и печатење во 50 примероци. Упатството да биде максимум 20 страни. | | | |
| | Вкупно за дел 4 | | | |
| | Рок на испорака | | | |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ од ___%, изнесува:

__________________________________________________________ бројки]

(__________________________________________________) [со букви] денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува _______________________________денари.

(__________________________________________________) [со букви]

*Ве молиме пополнете)*
[*Име на понудувачот*]
[Име и потпис на овластеното лице на *понудувачот*]
[Позиција]
[Датум]

# Декларација против конфликт на интерес

Почитувани,

Ние / јас, _______________ (име и позиција), како акционер (и) / сопственик (и) на _______ друштвото, изјавуваме дека:

а) немаме никакви финансиски и други интереси, здружувања или односи, ниту пак роднински односи со вработени (сопружник, родители, деца или браќа и сестри) со вработени во организацијата Милиеуконтакт Македонија во Скопје, кои го објавија ова Барање за прибирање понуди; и немаме пристап до информации за, или пак може да влијаеме врз процесот на селекција за ова Барање за прибирање понуди.

б) немаме заеднички контролен партнер, директор, акционер, правен застапник за целите на ова барање за прибирање на понуди, со кој било друг субјект кој поднесува своја Понуда во рамките на ова Барање за прибирање понуди; не сме подизведувачки или подизведувачи на други субјекти за целите на ова Барање; и не учествуваме во поднесување на повеќе од една понуда за ова Барање за прибирање н а понуда

в) не сме вклучени во активности кои би можеле да имаат влијание врз објективноста и независноста на тимот на Набавувачот во извршувањето на своите должности според договорот или кои може да влијаат врз имиџот на Организацијата Милиеуконтакт Македонија или УНДП.

Ние потврдуваме дека наведените информации се вистинити, точни и комплетни по наше најдобро знаење и верување. Ние сме должни да ги почитуваме сите барања за дополнителни информации, документација, појаснување и / или верификација во врска со изјавата за декларација на интерес.

Сите други информации кои не сме ги доставиле автоматски подразбира нашата целосна усогласеност со барањата, правилата и условите на Барањето за прибирање понуди.

*(Ве молиме пополнете)*
[*Име на понудувачот*]
[Име и потпис на овластеното лице на *понудувачот*]
[Позиција]
[Датум]